# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

.


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **23.05. 2011 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 5** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за објавување на **Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за период од 01.01. до 30.03.2011 година**

Се објавува Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за период од 01.01. до 30.03.2011 година бр. 0701 – 421 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 23.05. 2011 година.

**Бр. 0801-424**<br>**23.05. 2011 год.**<br>**Свети Николе**

**Градоначалник,**<br>**на Општина Свети Николе**<br>***Роберт Ѓоргиев с.р.***

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА ПРВИОТ КВАРТАЛ ЗА 2011 ГОДИНА

**23 .05.2011 год**.

Општина Свети Николе во текот на првиот квартал од 01.01.2011 до 30.03.2011 година има реализација на Буџетот на Општина Свети Николе во вкупен износ од 62.532.739**,00 денари** или изразено во процент изнесува 23,64 **%.,** споредено план со реализација.

Основниот буџет на општина Свети Николе за првиот квартал има реализација од 23.791.704,00 денари или изразено во проценти изнесува 26,38%. Следејќи ја историјата на базата на податоците за реализацијата во последните пет години мораме да напоменеме дека првиот квартал од 2011 годината е на ниво кое би требало да го има како динамика за извршување на прибирање на приходите во овој најтежок дел од годината и споредено со претходните години е на повисок процент на реализација.конкретно споредено со претходната година е речиси за 50% повисок од процентот кој е остварен во првиот квартал на 2010. Искрено зачудувачки е тоа што овој квартал има доволно финансиски средства и истите ќе овозможат реализација на трошоците кои останаа како неисплатени во текот на 2010 година.Во основниот буџет на општината динамиката на соборање на приходите и реализација на расходниот дел е значително раздвижена за овој временски период и обврските кои ги имаше општината од пренесените обврски од претходната година има вкупна реализација на трошоци во износ од 22.045.661,00 денари само 4.769.325.00денари се за исплата на плата, надоместоци и придонеси а остатокот на средства се за исплата на обврските кои општината ги сервисира и е на повидок да се воведе максимална финансиска контрола и диспиплина во делот на исплатата на основниот буџет.

Ако се направи анализа на средствата како се реализирани и потрошени како план/реализација за овој прв квартал од 2011 се добива следната слика на реализација на трошоци во основниот буџет:

- За плати и надоместоци на вработените во локалната самоуправа се потрошени 22.80% од вкупните расходи
- За тековни резерви и исплати на советници 2,00%
- За патување во земјата патни трошоци, споредни трошоци и патарини како и трошоци напаравени во државата во кој спаѓаат и сместувањата има направено трошок кој изразен во процент изнесува 33.60% или во денари изразено изнесува 185.500,00 денари

- За комунални услуги во кој спаѓаат(електрична енергија, огрев, телефон и телефакс, регистрација на моторни возила, гориво и масла, пошта ) исплатени се 52,20% од реализаните трошоци или во денари изразено изнесува 5.456.104,00 денари

- За материјали и ситен инвентар во кој спаѓа и одржувањето на уличното осветлување, одржувањето во детското одмаралиште во Дојран како и сите поправки кои се направени во општинската зграда, во овој дел спаѓа и набавката на материјали за посебни намени како што се знаците за сигнализација лежечки полицајци и се она што е специфично како материјал кој има посебна намена и самиот износ за овие трошоци изнесува 2.110.052,00 или 36.50%

- За поправки и одржување на моторни возила,поправка и замена на резервни делови гуми и други делови кои се потребни за возниот парк на општината како и за одржување на зелени површини се потрошени средства во износ од 860.541,00 денари или во проценти 25.31%

- За други договорни услуги ангажирање на лица кои имаат извршено определени услуги кон општината, надомест за експропријација , исплата на проекти за урбанистички и просторни планови, примарна заштита, услуги за копирање и печатење има реализација во износ од 2.021.711,00 денари или во процент изразено 31,16%

- За расходите кои се однесуваат на репрезентација, посета на семинари и конференции, објава на огласи, членарина во домашни и странски заедници има издвоено средства во износ од 661.708,00 денари или 39.74%

- На ставките кои се однесуваат за исплатата на невладини организации, здруженија на граѓани како и трансферите до спортски клубови и организации од невладин сектор нема остварување во овој прв квартал од годината

- За разни трансфери има исплатено 53.000,00 денари и процентот изнесува 6,097%

- Социјалните бенифиции кои се однесуваат на еднократна парична помош и награда за новороденчина изнесува 119.500,00 денари или тоа изразено во процент изнесува 21.33%

- За купување на опрема и машини во кој спаѓа комбинираниот ровокопач(скип)има исплатено износ 1.340.001,00 или 35,73%

- За изградба и реконструкција на патишта улици и автопати има реализација во износ од 3.763.725,00 или процентуално изнесува 11.20%

- За вложувања и нефинансиски средства се мисли пред се на надомест за експропијација на имот кој се однесува за место кое е одземено во централното гратско подрачје кое беше неопходно да се заземе за да се реализира проширување на улицата „Кочо Рацин“ и формирање на сообраќајно решение во центарот на градот. Износот иплатен на овие лица изнесува 689.495,00 или 62.68%

Од погоре наведеното го имате подетално образложено извршувањето на основниот Буџет на општина Свети Николе за 2011 година.Од погоре изложеното констатираме дека имаме идеална реализација и на приходите и на расходите со максимално остварување од 24% и доколку остане овој тренд на полнење на буџетот на општината ќе имаме мошне успешна реализација на програмите кои ги има

Во делот за наменските дотации мора да се каже дека тие се реализирани во износ од 32.152.145,00 денари или изразено во проценти 23.66%. Динамиката на реализација е на идеална страна.Мораме да напоменеме дека иако во 2011 година имаме поголем буџет на финансиски средства кои се трансферираат до локално ниво средствата не се доволни за сервисирање на сите потреби на буџетските корисници и општината работи на комплетна анализа за изнаоѓање на решение за овој проблем које непосредно проблем на сите нас како општина.

Во делот за самофинансирачките активности имаме реализација и процентот изнесува 12.50%. Динамиката на активностите кои се спроведуваат во делот на самофинансирачките активности не се на задоволувачко ниво но се многу на повисоко ниво на реализација споредено со претходната година .




Во делот на донации имаме минимална реализација на 8,04 % но до крајот на вториот квартал ќе се заврши реализацијата на проектот со ЦИР-а и ќе имаме поголема реализација на самиот крај од вториот квартал.

Според погоре прикажаниот графикон може да се констатира дека Општина Свети Николе по соодветните програми се обидува максимално да ја извршува функцијата за соодветните политики во сите области кои ги има зацртано и предвидено за 2011 година.

Табеларен приказ на предвидени со реализирани приходи во Основниот Буџет за 2011

| конто | Опис на приход | Планирано | реализирано |
|---|---|---|---|
| 711 | Данок од доход, добивка и капитални добивки | 1.786.000 | 323.026 |
| 713 | Даноци на имот | 15.235.000 | 3.400.340 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 22.689.506 | 4.923.129 |
| 718 | Такси за користење или вршење на дејност | 435.000 | 146.304 |
| 722 | Такси и надоместоци | 1.250.000 | 172.040 |
| 723 | Административни такси и надоместоци | 4.800.000 | 169.348 |
| 724 | Други Владини услуги | 700.000 | 15.162 |
| 725 | Други неданочни приходи | 3.850.000 | 418.506 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 19.737.458 | 4.588.832 |
| 731 | Продажба на капитални средства | 4.000.000 | 0 |
| 733 | Продажба на земјиште и нематријално вложување | 15.700.000 | 9.635.019 |
| | **Вкупно** | **90.182.964** | **22.045.661** |

**Бр. 0701 - 421**
**23.05. 2011 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Советот на Општина Свети Николе**
**Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за проширување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2011 година**

Се објавува Одлука за проширување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2011 година бр. 0701 – 422 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 23.05. 2011 година.

**Бр. 0801-424/2**
**23.05. 2011 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за извршување на јавни работи**
**за 2011 година**

Се објавуваПрограма за извршување на јавни работи за 2011 година бр. 0701 – 423 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 23.05. 2011 година.

**Бр. 0801-424/3**
**23.05. 2011 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 10 став 1 алинеа 1 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр. 1/2006), Советот на Општина Свети Николе, на седницата одржана на 23. 05. 2011 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ ЗА 2011 ГОДИНА**

Општината Свети Николе во рамките на своите локални надлежности и Програмата за работа на Советот на Општина Свети Николе, има предвидено извршување на јавни работи кои треба да се уредат со Програма.

За реализирање на Програмата на Советот на Општината, предвидено е јавните работи за 2011 година да ги извршува Јавното Комунално Претпријатие „Комуналец„ Свети Николе.

ЈКП „Комуналец„ Свети Николе е јавно претпријатие основано од Општина Свети Николе заради вршење на стопанска дејност од јавен интерес која е незаменлив услов во животот на граѓаните на градот Свети Николе, Општината па и пошироко и тоа посебно во сферата на дистрибуција на вода за пиење и собирање на комунален цврст отпад.

Со цел за извршување на работи за одржување и заштита на животната средина и природата како одржување и обновување на јавната инфраструктура кои се работи од јавен интерес и кои не спаѓаат во редовните активности на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе во согласност со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ЈКП „Комуналец„ Свети Николе ги предвидува следните програмски активности за извршување на јавни работи:

- Уредување на тротоари со поставување на бехатон плочки на улица „Младинска„, „Крсте Мисирков„ „Едвард Кардељ„ со површина од 5000м2 со трошоци од 1.500,00 денари,

- Чистење и уредување на патеки покрај кеј на вСветиниколска рекаг ( од Дом на културата до ОУ „Кирил и Методиј„, со површина од 1300 м2, со трошоци од 400.000,00 денари,

- Изработка на жардиниери на ул.„Кочо Рацин„ (до градки стадион) во должина од 100 метри) и цена на работна рака од 250.000,00 денари,

- Чистење на речно корито на „Горобинска река„ во делот кај населба „Лозов Расадник„ во површина од 400 метри ( над мостот кај Дардо), со цена од 150.000,00 денари,

- Уредување на стази и клупи во Градски парк со цена од 50.000,00 денари,

- Изработка на стази од бехатон и рабници во нов парк околу новопредвидените тениски игралишта со површина од 500 м2, со чинење од 200.000,00 денари.

- Санација на веќе постоечки тротоари од бехатон , како и на улици од камени коцки со површина од 400 м2 и чинење на работата од 45.000,00 денари.

Со извршување на работите средствата ќе ги обезбеди Општина Свети Николе.

**КАЛКУЛАЦИЈА НА ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА НА ПРЕДВИДЕНИТЕ ЈАВНИ РАБОТИ**

1. Потребни средства за ангажирани работници …………3.350.000,00

2.Бехатон плочки ……………………………………………4.500.000,00

3. Песок ……………………………………………………….. 400.000,00

4. Рабници………………………………………………………… 300.000,00

5. Цемент………………………………………………………… 250.000,00

6. Арматурно железо……………………………………….. 40.000,00

7. Дрвена граѓа………………………………………………. 100.000,00

8. Урбана опрема……………………………………………….. 80.000,00

9. Друг потрошен материјал………………………………….. 50.000,00

10. Алат (Мешалка за бетон, рачна брусалица, бормашина копачи, лопати, гребули, рачни колички)……………… 65.000,00

11. ХТЗ опрема (одела, кабаници, ракавици, чизми)…….. 60.000,00

12. Енергија и гориво и мазиво……………………………...130.000,00

**Бр. 0701 - 423**
**23.05. 2011 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Советот на Општина Свети Николе**
**Васко Пашовски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

1.Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за период од 01.01. до 30.03.2011 година . . . . . . . . . . . . .. . . . . . . . . . .стр.1

2.Одлука за проширување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2011 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.3

3.Програма за извршување на јавни работи за 2011 година . . . . . . . . . . . . . . . . стр.7

**Бр. 0801-425**
**23.05. 2011 год.**
**Свети Николе**